РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр.02-207/4
14.05.2026 година
СКОПЈЕ

**ЗАПИСНИК**
**од двесте четириесет и седма седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 07 април 2026 година**

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 07 април 2026 година, со почеток во 14.30 часот, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте четириесет и седмата седница на Управниот одбор на Академијата на која со физичко присуство присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, Душица Димитриеска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, Златко Биковски, член на УО, д-р Али Алиу, член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО. На седницата преку средство за видеоконференциска врска присуствуваше м-р Антоанета Димовска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас и Ана Милчевска, вработена во Академијата за судии и јавни обвинители како лице задолжено за работа со Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Претседателот на Управниот одбор, претседател на Основен граѓански суд Скопје, Бесник Авдија, констатираше присуство на осум членови на Управниот одбор со физичко присуство и присуство на еден член на Управниот одбор преку видеоконференциска врска, по што го прочита предложениот дневен ред за 247-та седница:

1. Усвојување на Записник од 246-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Дополнување на листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители.
3. Определување на предавачи.
4. Разно.

Претседателот на Управниот одбор, отвори диксусија по однос на вака предложениот дневен ред, но со оглед на тоа дека немаше пријавени за збор, истиот го стави на гласање и дневниот ред беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Усвојување на Записник 246-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, но имајќи предвид дека немаше пријавени за збор, Записникот од 246-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

**Втората точка** на дневен ред беше точката за дополнување на листата на предавачи на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, но имајќи предвид дека немаше пријавени за збор, констатираше дека до Управниот одбор се доставени материјали во однос на новопријавени предавачи, истите се разгледани од страна на Програмскиот совет, видно од доставена Информација од Програмскиот совет до Управниот одбор. Со оглед на тоа дека немаше понатамошна дискусија, беше извршено дополнување на листата на предавачи со следните предавачи:

1. М-р Тања МИЛЕВА, судија, Апелационен суд Скопје;
2. Д-р Ѓорѓи СЛАМКОВ, професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев";
3. Проф. д-р Тања КАРАКАМИШЕВА, редовен професор, Правен факултет „Јустинијан I", Скопје, УКИМ.

Понатаму, се премина кон разгледување на **третата точка** на дневен ред – определување на предавачи. Претседателот на Управниот одбор ги праша членовите на Управниот одбор да се изјаснат дали сметаат дека треба да се пристапи кон гласање на цела предложена листа на предавачи – изготвувачи на прашања или поинаку. Беше одржана кратка дискусија, по која беа сумирани два предлози – првиот предлог даден од страна на членот на Управниот одбор Антоанета Димовска – да се гласа за целосна листа на предавачи и вториот предлог даден од страна на членот на Управниот одбор Златко Биковски – да се гласа кандидат по кандидат, со можност за дополнување на листата со други предавачи. Заменик претседателот на Управниот одбор, Спасенка Андонова праша дали Академијата има информација дали овие предавачи се во можност да подготвуваат прашања, на што директорот на Академијата одговори негативно, дека треба прво Управниот одбор да ја определи листата, па потоа Академијата да ги контактира. Заменик претседателот на Управниот одбор, Спасенка Андонова истакна дека смета дека пред се предавачите треба да бидат прашани дали ја прифаќаат обврската за изготвување на прашања, па откако ќе се добие таква информација, листата да биде утврдена од страна на Управниот одбор.

За збор се јави членот на Управниот одбор Али Алиу кој укажа дека смета дека има мал број на судии албанци застапени во овие предлог предавачи за подготовка на прашања, па предложи доколку може листата да се дополни.

Претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлогот на членот на Управниот одбор Антоанета Димовска – да се гласа за цела предложена листа на предавачи изготвувачи на прашања. ЗА предлогот гласаа тројца членови на Управниот одбор и тоа членовите Душица Димитриеска, Башким Бесими и Антоанета Димовска. ПРОТИВ предлогот гласаа останатите шест членови на Управниот одбор. Претседателот на Управниот одбор констатираше дека не е прифатен предлогот на членот на Управниот одбор Антоанета Димовска – да се гласа за цела предложена листа на предавачи изготвувачи на прашања.

Следно, беше ставен на гласање предлогот на членот на Управниот одбор Златко Биковски, кој предложи да се гласа поединечно за секој предложен предавач со можност за дополнување на листата и со други предавачи кои не се наоѓаат на веќе предложената листа. ЗА предлогот гласаа седум членови на Управниот одбор, додека ПРОТИВ предлогот гласаа двајца членови на Управниот одбор и тоа членовите Душица

Димитриеска и Башким Бесими. Претседателот на Управниот одбор констатираше дека е усвоен предлогот на членот на Управниот одбор Златко Биковски за поединечно гласање за секој предложен предавач со можност за дополнување на листата и со други предавачи кои не се наоѓаат на веќе предложената листа.

Понатаму, членот на Управниот одбор Златко Биковски посочи дека би сакал да истакне дека неспорен е придонесот на повозрасните колеги и нивниот вложен труд во изградбата и унапредувањето на целокупниот правосуден систем во државата, но дека смета дека подобро е да се остави простор за помладите колеги да работат на подготовката на прашања. Додаде дека и самиот се подведува во таа повозрасна категорија и дека смета дека одредени нови трендови и предизвици поумешно ги совладуваат помладите колеги. Истакна дека тоа е неговиот генерален став, освен за едно лице во пензија – поранешниот јавен обвинител - , дека останатите пензионирани колеги треба да остават простор за помладите. Во таа насока предложи од предложената листа, од областа кривично право да бидат повлечени следните предавачи: , јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје, јавен обвинител во пензија, , јавен обвинител во пензија, јавен обвинител на Основно јавно обвинителство Кочани.

Членот на Управниот одбор Златко Биковски укажа дека смета дека како што веќе и спомена заменик претседателот на Управниот одбор Спасенка Андонова, најдобро е во овој момент на оваа предлог листа да бидат додадени и други предавачи предложени од страна на членовите на Управниот одбор, понатаму сите предавачи да бидат контактирани од Академијата во насока на обезбедување на информација дали се согласни за подготовка на прашања и кога ќе има една таква листа, тогаш истата да биде утврдена од страна на Управниот одбор. Така, се премина кон давање на предлози за дополнување на листата на предавачи и тоа за секоја област посебно.

Членот на Управниот одбор Златко Биковски го повлече својот предлог за поединечно гласање на секој кандидат од листата а остана на неговиот предлог да листата биде дополнета со нови предавачи предложени од страна на Управниот одбор.

Во таа насока, кај предавачите за изработка на прашања од кривична област, членот на Управниот одбор Али Алиу предложи на листата да бидат додадени следните предавачи: , и . Овој предлог беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен. Претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлогот листата да биде дополнета со нови предавачи и истите најпрво да се исконтактираат дали се во можност да изготвуваат прашања. Предлогот беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор.

Од граѓанската област, претседателот на Управниот одбор предложи на листата да бидат додадени и . Членот на Управниот одбор Али Алиу предложи на листата да биде додаден предавачот Предлозите беа ставени на гласање и истите беа едногласно усвоени од страна на сите членови на Управниот одбор.

Од областа уставно право, членот на Управниот одбор Златко Биковски предложи на листата да се додаде предавачот . Предлогот беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор.

Од областа меѓународно право, членот на Управниот одбор Златко Биковски предложи на листата да се додаде предавачот . Истакна дека му привлекол внимание фактот дека предложениот предавач бил проректор за меѓународна соработка при Европскиот универзитет. Предлогот беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор. Членот на Управниот одбор Али Алиу предложи на листата да биде додаден предавачот . Предлозите беа ставени на гласање и истите беа едногласно усвоени од страна на сите членови на Управниот одбор.

Од областа право на ЕУ, немаше предлози за дополнување на листата на предавачи – изготвувачи на прашања.

Од областа управно право, членот на Управниот одбор Радица Лазаревска Геровска даде предлог листата да биде дополнета со предавачот . Предлогот беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор.

Од областа етика, членот на Управниот одбор Златко Биковски предложи на листата да се додаде предавачот . Предлогот беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор.

Имајќи предвид дека сите области беа исцрпени, беше договорено дека откако ќе бидат исконтактирани сите предавачи, Академијата ќе го извести Управниот одбор со цел определување на листата со предавачи кои прифатиле да изготвуваат прашања.

Под точката Разно, директорката на Академијата, до Управниот одбор достави Одлука од Судски совет на РСМ за утврдување на бројот на слободни судиски места во основните судови. Исто така, под оваа точка, директорката на Академијата ги извести членовите на Управниот одбор за донесено решение од Управен суд по однос на Одлуката на Управниот одбор за поништување на јавниот оглас за прием во почетна обука број 02-428/4 од 25.12.2025, со кое тужбите и барањата за определување на времена мерка од сите тужители се отфрлени.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 247-та седница на Управниот одбор на Академијата во 15.30 часот.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

**Забелешка: Овој записник на веб страната на Академијата ќе биде објавен со анонимизирани информации за име и презиме на предавачи изготвувачи на прашања**

Записникот го изготви Ана Милчевска,
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси